АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-446/1
09 05 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

До: Друштвата за осигурување

Предмет: Циркуларен допис во врска со обврските на друштвата за осигурување кои произлегуваат од членот 120 став (3) и членот 129 став (1) од Законот за супервизија на осигурување

Почитувани,

Во врска со примената на одредбите од членот 120 став (3) и членот 129 став (1) од Законот за супервизија на осигурување, согласно кои друштвата за осигурување имаат обврска до Агенцијата за супервизија на осигурување да доставаат примерок од годишниот извештај за работењето заедно со извештајот за извршената ревизија, во рок од осум дена од денот на усвојувањето на годишниот извештај за работењето, ве известуваме за следното.

Прво, врз основа на досегашната анализа на годишните извештаи на друштвата за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување утврди дека, во одредени случаи кога ревизијата утврдила грешки во прикажаните податоци на одделни билансни позиции и истите биле коригирани од друштвата за осигурување, за настанатите промени не е известена соодветно Агенцијата за супервизија на осигурување на начин што е поднесено образложено барање за повторно поднесување во електронскиот систем за известување.

Покрај ова, а што е суштински и поважно, друштвата за осигурување писмено не ги комуницираат и образложуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување причините кои довеле до корекции на одредени билансни позиции, ниту како истите влијаат на вкупните средства, обврски, капитал, приходи, расходи и резултат од работењето, кои биле поднесени пред прифаќање на корекциите кои ги предложила независната ревизија.

Второ, Агенцијата за супервизија на осигурување укажува на потребата да појасни околу примената на одредбите од членовите 29 и 30 од Законот за супервизија на осигурување. Наведените одредби јасно и недвосмислено утврдуваат дека членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување, меѓу останатото, се надлежни и одговорни да ги ревидираат годишните извештаи и деловните биланси на друштвото за осигурување и да изготват мислење по истите.

Имајќи ги предвид значењето и улогата на независната ревизија за релевантно и веродостојно финансиско известување и известување за солвентноста на друштвата за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување укажува дека при проверка на усогласеност на работењето на членовите на надзорните органи на друштвата за осигурување со одредбите од членовите 29 и 30 од

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

Законот за супервизија на осигурување, ќе биде земен предвид степенот на придржување на членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување со одредбите од членот 480 став (3) од Законот за трговските друштво, во кои одредби е предвидено неизвршните членови на одборот на директори односно надзорниот одбор на друштвото на собранието на акционери да му поднесат писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот, неизвршните членови на одборот на директори односно надзорниот одбор на друштвото го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и за приговорите на ревизорот на составената годишна сметка и на финансиските извештаи и предлага дали тие да бидат усвоени или не.

Оттука, повикувајќи се на овластувањата кои произлегуваат од членовите 159 и 160 од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување укажува дека членовите на управните и надзорни органи на друштвата за осигурување треба да расправаат по сите наоди и препораки содржани во дополнителните извештаи на ревизијата од членот 131 од Законот за супервизија на осигурување и членот 4 од Правилникот за формата и содржината на ревизорскиот извештај и минималниот опфат на ревизија на друштвата за осигурување и реосигурување и, истовремено со известувањето на собранието на акционери, да ја известат и Агенцијата за супервизија на осигурување за:

- мислењето (извештајот) на членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување во однос на предложените корекции од страна на ревизијата на одредени позиции од финансиските извештаи;

- мислењето (извештајот) на членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување во однос на одговорот на членовите на управниот орган на друштвото во однос на постапување по препораките на ревизијата.

Со почит,

**Климе Попоски,**
**Претседател на Советот на експерти**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
СКОПЈЕ - SHKUP

Изготвил: Коста Спасески
Контролирала: Маја Парнарџиева - Змејкова